Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.96/19) и член 21 став (1) точка 5) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20 и 246/20), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 24 декември 2020 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА**
**ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ТРГОВИЈА СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. Во Одлуката за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија со електрична енергија (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр.82/19), издадена на Друштвото за трговија со електрична енергија ЕНЕКОД ДОО експорт-импорт Скопје, во Прилогот 1, во точка 1 зборовите “ул. Јуриј Гагарин бр. 31б, Карпош, Скопје” се заменуваат со зборовите “ул.1738 бр.20/1-15 Скопје-Центар”.

2. Измената на лиценцата од точка 1 на оваа одлука се врши по службена должност согласно известување за настанати промени во седиштето на носителот на лиценца.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштвото за трговија со електрична енергија ЕНЕКОД ДОО експорт-импорт Скопје, со седиште на ул.1738 бр.20/1-15 Скопје-Центар (во натамошниот текст: Друштво), на 17 декември 2020 година до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторната комисија за енергетика), во согласност со Правилникот за лиценци, поднесе Известување за настанати промени кај носител на лиценца УП1 бр.12-18/19 од 17 декември 2020 година, за настанати промени во седиштето на Друштвото.

Седиштето на Друштвото се менува од “ул. Јуриј Гагарин бр. 31б, Карпош, Скопје” во “ул.1738 бр.20/1-15 Скопје-Центар”.

Регулаторната комисија за енергетика, согласно член 21 став (1) точка 5) од Правилникот за лиценци по службена должност врши промени на лиценцата, бидејќи Друштвото изврши промена на седиштето.

Регулаторната комисија за енергетика на 24 декември 2020 година одржа седница на којашто врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 од Законот за енергетика* и член 21 став (1) точка 5) од Правилникот за лиценци, донесе Одлука за изменување на Одлуката за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија со електрична енергија на Друштвото за трговија со електрична енергија ЕНЕКОД ДОО експорт-импорт Скопје.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот на одлуката.

**УП1 бр. 12-18/19**
**24 декември 2020 година**
**Скопје**

**Претседател на**
**Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**

Në bazë të nenit 24, paragrafi (1), pika 1, nënpika 17 të Ligjit të Energjetikës ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 96/18) dhe "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut nr. 96/19) dhe nenit 21, paragrafi (1), pika 5) të Rregullores së Licencave ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 51/19, 54/19, 214/19 dhe 246/20), Komisioni Rregullator i Energjetikës dhe i Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më 24 dhjetor 2020, mori:

**VENDIM**
**PËR NDRYSHIMIN E VENDIMIT PËR LËSHIMIN E LICENCËS SË KRYERJES SË VEPRIMTARISË ENERGJETIKE, TREGTISË ME ENERGJI ELEKTRIKE**

1. Në Vendimin për Lëshimin e Licencës për Kryerjen e Veprimtarisë Energjetike Tregtisë me Energji Elektrike ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 130/07 dhe 82/19), lëshuar Shoqërisë së Tregti me Energji Elektrike ENEKOD SHPKNJP eksport -import-, Shkup, në shtojcën 1, në pikën 1 fjalët "rr. Juri Gagarin nr. 31b, Karposh, Shkup "zëvendësohen me fjalët" rr.1738 nr.20/1-15 Shkup - Qendër ".

2. Ndryshimi i licencës sipas pikës 1 të këtij vendimi kryhet sipas detyrës zyrtare në përputhje me njoftimin për ndryshime të selisë të bartësit të licencës.

3. Ky vendim hyn në fuqi ditën e miratimit të tij, ndërkaq publikohet në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut" dhe në faqen e internetit të Komisionit Rregullator të Energjetikës dhe të Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut

**A r s y e t i m**

Shoqëeria e Tregtisë me Energji elektrike ENEKOD DOO eksport-import Shkup, me seli në rr. 1738 nr. 20 /1-15 Shkup-Qendër (në teksin e mëtejshëm: Shoqëria), më 17 dhjetor 2020 deri te Komisioni Rregullativ i Energjisë dhe Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë Veriore (në teksin e mëtejshëm: Komisioni Rregullator i Energjetikës), në përputhje me Rregulloren për licencat, dorëzoi Njoftim për ndryshime të bartësit të licencuarit PA1 Nr. 12-18/19 nga 17 dhjetorit 2020, për ndryshime të selisë të kompanisë.

Selia e kompanisë ndryshohet nga "rr. Juri Gagarin nr. 31b, Karposh, Shkup "në" rr.1738 nr.20/1-15 Shkup - Qendër ".

Komisioni Rregullator i Energjetikës, në përputhje me nenin 21 paragrafi (1) pika 5) të Rregullores për licencat sipas detyrës zyrtare ndryshon licencën, sepse Kompania ka ndryshuar selinë e saj.

Komisioni Rregullator i Energjetikës më 24 dhjetor 2020 ka mbajtur seancë, në të cilën në bazë të nenit 24, paragrafi (1), pika 1), nënpika 17 të Ligjit të Energjetikës* dhe nenit dhe nenit 21, paragrafi (1), pika 5) të Rregullores së Licencave, mori Vendim për Ndryshimin e Vendimit të Lëshimit të Licencës për Kryerjen e Veprimtarisë Energjetike, Tregtisë me Energji Elektrike, të Shoqërisë së Tregtisë me Energji ENEKOD DOO eksport-import Shkup.

Duke marrë parasysh të lartpërmendurën, është vendosur sipas dispozitivit të këtij vendimi.

**KËSHILLË JURIDIKE:** Kundër këtij vendimi mund të inicohet kontest administrativ në afat prej 30 ditësh nga marrja e vendimit.

**PA1 бр. 12-18/19**
**24 dhjetor 2020**
**Shkup**

**Kryetari i Komisionit Rregullator të Energjetikës dhe të Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut**

**Марко Бислимоски**